Уп. бр. 08-144

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото САВП Холдинг д.о.о. Београд со регистрирано седиште на Господара Јованова 73 Белград, Република Србија, доставено преку Адвокатско друштво Дебарлиев, Дамески и Ќелешоска од Скопје, на седницата одржана на ден 20.01.2024 година, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која САВП Холдинг д.о.о. Београд со регистрирано седиште на Господара Јованова 73 Белград, Република Србија ќе стекне единствена контрола над САГА МК ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Васил Главинов, бр. 14-мезанин/2, Скопје - Центар, Северна Македонија преку директно стекнување на 100% од уделот во САГА МК ДООЕЛ Скопје, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 29.10.2024 до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на САВП Холдинг д.о.о. Београд со регистрирано седиште на Господара Јованова 73 Белград, Република Србија со која САВП Холдинг д.о.о. Београд ќе стекне директна контрола над САГА МК ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Васил Главинов, бр. 14-мезанин/2, Скопје - Центар, Северна Македонија преку директно стекнување на 100% од уделот во САГА МК ДООЕЛ Скопје.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**САВП Холдинг д.о.о. Београд** е ново основана компанија, регистрирана на 03.08.2023 година како холдинг компанија. САВП моментално не врши никакви активности и нема остварено никаков приход.

**САВП Холдинг д.о.о. Београд** нема регистрирано корпоративно присуство во Северна Македонија.

-**САГА МК ДООЕЛ Скопје** е зависно друштво во 100% сопственост на САГА д.о.о. Белград, со регистрирано седиште на булевар Зорана Ѓинѓица 64а, Нови Београд, Република Србија.

Деловните активности на САГА МК се фокусирани на полето на проектирање, инсталирање и одржување на ИТ инфраструктура за потребите на други компании. Покрај тоа, САГА МК врши деловни активности поврзани со инсталација и одржување на хардвер, одржување на ИТ опрема, развој и продажба на софтверски решенија и сервисирање на производи од други компании. САГА МК е активна и во телекомуникацискиот сектор со услуги за инсталација на кабли.

САГА МК нема учество во ниту една друга компанија во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**